**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,48 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници, ја отворам 9-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Владо Бучковски, Славица Грковска-Лошкова, Маринела Тушева, Илија Китаноски, Тито Петковски и Али Ахмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Пред да продолжам понатаму пријавена е за процедуралон госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

На 1 јуни во Македонија се одржаа најлошо досега организираните парламентарни избори. На тие парламентарни избор пораката ја испрати премиерот, целта беше да се замолчат сите кои поинаку мислат. Затоа се водеше изборна кампања во која сите кои мислат поинаку требаше да бидат заплашени, замолчени и натерани да седат дома. Затоа Македонија го доби најлошиот можен извештај за парламентарни предвремени избори.

Она што се случи на 1 јуни продолжува и по 1 јуни. Проектот се вика “Во Македонија еден човек да има апсолутна власт и да не постои опозиција”. Затоа неколку дена откако стана јасно дека ВМРО-ДПМНЕ ќе ја прави незамисливиата коалиција со довчерашните најкритикувани политички фактори, а тоа е ДУИ мораше власта да направи нов експеримент и да го одвлече вниманието на друга страна. Затоа денеска повторно на спектакуларен начин, со камери, со каубојски трикови е уапсен градоначалникот од СДСМ и потпретседател на СДСМ господинот Зоран Заев.

На луѓето од ВМРО-ДПМНЕ одамна им смета тоа што тој е дефинитивно најуспешниот градоначалник во Македонија. На ВМРО-ДПМНЕ одамна им смета што постојат луѓе кои на локално ниво покажуваат дека централната власт лошо работи. Затоа мораа да направат нешто да го спречат таквиот тренд. Затоа денеска имавме апсење со камери и со ситни штосеви за кои се сведоци новинарите кои ги прави портпаролот на Министерството за внатрешни работи.

Само за потсетување, едниот потпретседател на СДСМ во моментов секој втор ден треба да оди на судови заради кривични пријави кои за вербален деликт му ги испраќаат луѓето од власта.

Вториот потпретседател денеска се апси.

Пред нецели две години кога бев кандидат за претседател на СДСМ бев бомбардирана со илјада и едно соопштение од истово Министерство, Министерството за внатрешни работи дека сум украла многу пари и сум направила злоупотреба на службена должност се со цел да се извалка образот на опозицијата.

До ден денеска никој не сноси одговорност заради тие лаги кои што беа кажани во јавноста.

Денеска трендот на уништување на сите оние кои поинаку мислат со сезонски линч продолжува. Ние не сакаме да бидеме соучесници во ова убиство на демократијата.

Заради ваквата диктаторско однесување на власрта сакам да ве информирам дека пратеничката група на СДСМ и практично опозицијата во овој Македонски законодавен дом веќе нема да учествува во неговата работа. Бидејќи сакате апсолутна власт и сакате диктатура таа ќе продолжите да си ја терате во ова Собрание, меѓутоа сметам дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и многу вистински, вистински добронамерни граѓани од ВМРО-ДПМНЕ треба да се заплашат за она што и се случува на Македонија, а вие прв претседателе на Собранието. За жал, гледам дека и вие не ја сфаќате пораката. Благодарам.

(Пратениците на СДСМ ја напуштија салата).

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на ситуацијата од страна на лидерката на опозиционата партија СДСМ што ја образложи давам пауза од половина час, до 12,30 часот ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 12,30 часот и ги повикувам координаторите на пратеничките групи во Охридска сала на координација.

Благодарам.

(По паузата седницата продолжи во 12, 52 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Процедурално за збор се јави госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам

Господине претстедателе, моето процедурално беше, односно се пријавив за процедурално уште после, така нареченото процедурално на госпоѓата Шекеринска и сакам да ви забележам вам што дозволивте во законодавниот дом односно законодавниот дом и говорницата во Собранието да биде искоритена да се упати притисок кон независната судска власт, во исто време и на истражните органи.

Законодавниот дом треба да работи независно и да ги остави сите други власти во државата да си ја гледаат работата, така како што доликува на една демократска држава.

Овде беа кажани тешки квалификации, беа кажани зборови кои не долкикуваат на еден демократски парламент и на една партија која себеси се нарекува демократска.

Јас сум убедена дека со ваквиот чекор што денес го направи СДСМ, потврдија дека нивното однесување е посојано недемократско. Единставена политичка партија во Република Македонија која си дозволува да прави притисок врз судската власт и врз другите власти во државата, која само политичката партија СДСМ. Тоа го видовме кога господинот Бучковски беШе во суд, кога го блокираа судот, тоа го видовме на работата на Комисијата на деловничк и мандатно-имунитетни прашањаљ кога дел од членовите станаа заложници, а денес од собраниската говорница лидерката буквално упати притисок врз работењето на истражните органи во државата.

Ве молам друг пат вакво нешто да не биде дозволено да се случи, под фарсата процедурално, да се користи за вакви нешта.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Јас, инаку, жалам за ова што се случи и за напуштањето на една политичка партија, во однос на нивната забелешка, мислам конкретно за работата на Собранието на се однесуваше, се однесуваше за една од другите власти и затоа не би ја прифатил таа забелешка во однос на работата на Собранието

Конкретно вие што упатувате забелешка кон мене, јас сепак треба да дозволам на некој кој ќе побара три минути за процедурално, сите тие три минути да ги искористи, а што ќе каже сепак е негова одговорност и обврска во тие три минути.

Сепак јас би продолжил понатаму со работа, за да не се сфати дека сепак сме под уцена ние или некои други. Конкретно законодавната власт треба да работи, независно од случувањата што се случуваат во другите две власти. Ви благодарам.

Продолжуваме со работа.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за изменување и дополнување на Законот за филмскиот фонд на Република Македонија и Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителен примерок.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор заменикот министер за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам.

Овде се работи за усогласување со Законот за прекршоци и доколку овие два закони бидат донесени, како ефект ќе има намалување на бројот на заостананти предмети во судовите, а секако тоа е една од главните приоритети содржани во европското партнерство. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за филмскиот фонд на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Дали има против?(нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителен примерок, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 55 пратеника, сите 55 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Дали има против?(нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 55 пратеници, сите 55 гласаа за, нема воздржани нема против.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата за да констатирам дали е полноважно гласањето.

Во салата се присутни 72 пратеници. Според тоа гласањето е полноважно.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија и Законот за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето за секој од нив ќе го вршиме одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе.

Прашањата што се поставени и што ги уредуваат Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија, практично тргнува од остварување то на уставните амандмани што се однесуваат на остварувањето на правата на сите заедници во Република Македонија, тоа се права кои се гарантирани со Уставот и секако се води и треба да се води сметка дали усогласувањето за остварувањето на тие права и нивно следење е во согласно со уставните одредби и со одребите од Рамковниотдоговор. Практично држават со овој закон основа една агенција која ќе ги усогласува работите во врска со остварувањто на правата на сите заедници односно нма заедниците кои с е помалку од 20% во Република Македонија. Таа агенција ќе има соодветни надлежности предвидени во законот и секако дека агенција се грижи за усогласувањето на работата на органите на државната управа за прашањата кои се однесуваат на спроведувањето на Рамковниот договор, а кои се во функција на остварување и унапредување на заштитата на правата на припадниците на заедниците , подготвува методологија, се грижи за остарување на правата што се однесуваат на вработување, правата на пристап до електронските медиуми и други права кои подобро се определени во законот. Значи прашање кога се работи за остварување на прават на граѓаните, очигледно е прашање кое секогаш треба да има предност. Секако дека и тоа една од мотивите за предлагањето на овој закон по итна постапка.

Вториот закон е законот изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права. Практично со овој закон се врши либерализација на пазарот на недвижности на Република Македонија, ги уредува прашањата за стекнувањето на правата на сопственост по пат на наследување под одредени услови, стекнување на правата на сопственост на стан, станбена зграда или деловен простор, стекнување на сопственост на права на градежно земјиште или долгорочен закуп. Со ова Република Македонија се доближува односно го либарализира пазарот на недвижности, така како што тоа го уредуваат и земјите од Европската унија, бидејќи нашиот пат е кон Европската унија, кон целосна интеграција и се разбира усогласувањето на овој закон е во рамките и на таа димензија која треба да значи побрзо чекорење кон Европа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеника, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Дали има против?(нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Дали има против?(нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование и Законот за основното образование.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето за секој од нив ќе го вршиме одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Јас во салата не гледам дека има присутен претставник на Владата по однос на овие два закони.

Давам пауза од 5 минути што мислам дека е доволно, со оглед на тоа што вице премиерот Живко Јанкуловски е надвор од салата, а за 5

минути се надевам дека ќе дојде и ќе продолжиме да работиме.

Можеме да продолжиме претставникот на Владата, бидејќи претставникот на Владата влезе во салата.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донесат по итна постапка.

Има збор господин Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници,

Денес го имаме Предлог за донесување на закон по итна постапка за Законот за основно образование, со Предлог на закон.

Причина за донесување на законот за основно образование е големиот број на измени и дополнувања кои се вградени во Законот за основно образование и во услови на утврдени недоречености во процесот на неговото спроведување, оневозможуваа ефикасно функционирање на системот за основно образование.

Целите на основното образование и воспитание се усогласуваат со новите барања на современото основно образование. Воспитанието и образованието во склад со општите културни и цивилизациски вредности, барањето за воспоставување на учениците за живот и работа согласно демократските вредности, современите информациско комуникациски технологии и научните сознанија и достигнувања.

Законот чие донесување се предлага се заснива врз следните начела. Основното воспитание и образование е дел од единствениот воспитно образовен систем на Република Македонија. Дејноста на основното образование е од јавен интерес, секое дете има право на основно образование, основното образование е задолжително, се забранува дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование, водење грижа за учениците со посебни образовни потреби. За развојот на основното образование како што е предвидено со Националната програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005 до 2010 година и со концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование има потреба од донесување на нови решенија во приближувањето на основното образование и воспитание во Република Македонија со системите на основното образование на државите членки на Европската унија.

Во овој Предлог на закон се вградуваат одредби од законодавството на Европската унија со кои се регулира образованието на деца државјани на државите членки на Европската унија чии родители се со престој во Република Македонија каде вршат, или вршеле самостојна дејност, односно кои се вработени, или биле вработени на територијата на Република Македонија. Имаат право на стекнување на знаења од мајчиниот јазик, култура на државата од каде потекнуваат.

Министерството за образование и наука е должно во соработка со основачот на училиштето и државата од каде потекнува ученикот, а во согласност со можностите да даде поддршка за наставата на мајчин јазик и култура на државата од која потекнува ученикот.

Со овој закон се пропишува дека децата на дарржавјаните на државите членки на Европската унија имаат право на основно образование исто како и македонските државјани и запишувањето во основните училишта ќе се врши под исти услови како и македонските државјани. На тој начин се усогласуваат законските прописи од областа на основното образование со начелото на недискриминација пропишани со член 12 од Договорот за основање на европска економска заедница.

Во Уставот на Република Македонија постои основа на развивање на наставен план со настани програми за деветгодишно основно образование. Во основното образование се запишуваат сите деца кои до крајот на календарската година ќе наполнат 6 години. Има измена и во делот каде се дава отстапка во вклучување и на децата родени до 31 јануари по претходно барање на родителите и добиено мислење од страна на училишниот педагог или психолог.

Со одредбите во Законот за основно образование за прв пат се определува целта на основното образование, а преку одделните членови на Законот се промовираат принципите на демократичност, недискриминација, почитување на индивидуалните разлики меѓу учениците, мултикултурноста, меѓународната спроведливост на знаењата. Во системот на основното образование со новиот закон се унапредува организацијата и квалитетот на образованието на учениците со посебни образовни потреби, како и на децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство и на децата со странско државјанство, или без државјанство кои престојуваат во Република Македонија. Притоа се нудат системски решенија кои водат сметка за најдобриот интерес на децата. Така што се создава можност за порационално организирање на школувањето на децата.

Поконкретно, со законот се уредува траењето на основното задолжително образование во Република Македонија од девет години и тоа за ученици од 6 до 15 годишна возраст и се организира во три периоди според развојните карактеристики на учениците: од прво до трето, од четврто до шесто и од седмо до деветто одделение. Притоа за учениците ...

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, сега расправаме за итноста. Вие зборувате по содржината на законот. Треба да зборувате за

итноста за ставање на точката на дневен ред. Продолжете, значи за итноста.

**Живко Јанкуловски:** Оттаму произлегуваат сите овие потреби за измени и дополнување на закон. Значи придонесе Владата на Република Македонија подготви нов закон. И оттаму произлегува и итноста која треба веќе од оваа година да стапи во сила. Така што учениците уште од оваа година ќе можат да посетуваат основното училиште од шестгодишна возраст и тоа ќе се случи веќе на есен. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника. Сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за основното образование го ставам на гласање.

Ве повикувам га гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника. Сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на Владата вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа за седницата го предлагам следниот дневе ред:

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмскиот фонд на Република Македонија.

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителен примерок.

3. Предлог на закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија.

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права.

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

6. Предлог на закон за основното образование.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред. (Нема)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеника, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 68 пратеника, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмскиот фонд на Република Македонија.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Оливер Шамбевски поднесе амандман на член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Оливер Шамбевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за култура, господинот Слободан Деспотовски, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Овде се работи за зголемување на казната со цел да се потенцира нејзината превентивна улога. Сметам дека тоа е добро, има основа во законот и заради тоа амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеника. Сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 18 пратеника. Сите 18 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратениците во Собранието на Република Македонија кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

На седницата присуствуваат 18 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 18 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за филмскиот фонд на Република Македонија.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителен примерок.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Оливер Шамбевски и Анета Стефановска поднесоа амандмани за додавање пет нови членови 1, 2, 3, 4 и 5 по насловот на Предлогот на законот и на член 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање пет нови членови 1, 2, 3, 4 и 5 по насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Оливер Шамбевски и Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за култура.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам претседателе.

Значи, овде се работи за усогласување со мрежата на национални установи. Тоа треба да се направи. И од тие причини амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Оливер Шамбевски и Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за култура.

**Слободан Деспотовски:** Овој амандман произлегува од претходниот, така што и тој се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеника, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителен примерок.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Почитувам господине претседател, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници,

Бидејќи овој е мој прв настап во овој парламентарен состав, користам прилика на пратениците во овој парламентарен состав да им го честитам изборот, а вам господине претседателе да ви посакам успешна работа во својство претседател на Собранието на Република Македонија.

Инаку, во овој момент отворивте расправа по еден Предлог закон кој што има интенција да ги унапреди и заштити правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија и претставува сублимат на корпусот на правата на така наречените немнозински заедници кои се застапени помалку од 20% во Република Македонија. Би рекол дека прв пат по Рамковниот договор од Охрид и уставните промени кои уследија после тоа се прави обид да се обрне вниманието кон правата и обврските на помалите заедници, начинот како тие да се заштитат и унапредат и формирање на посебен орган на државната управа кој ќе функционира во рамките на мрежата на постојните органи, а ќе биде задолжена да го следи процесот на остварувањето на тие права и не само тоа, туку и нивно понатамошно развивање и унапредување. Евидентно е дека Предлог законот во сферата на општите одредби ги дефинира правата утврдени со Уставот и законите и нема интенција нив да ги прошири, ниту пак поблиску да ги определи. Така што определувањето на тие права остануваат предмет на обработка во посебните закони од оваа сфера. Иако лично очекував дека со посебни одредби поблиску ќе се дефинираат правата, почнувајќи од правата во образовната, културната, информативната, социјалната сфера па се до правичната и соодветната застапеност на припадниците на сите заедници, сепак не можам а да не го поздравам овој законски проект на Владата од едноставна причина што прв пат по Рамковниот договор од Охрид се прави обид правно да се регулира остварувањето на овие права и да се конституира орган кој ќе се грижи за реализација на тие права. Тоа само по себе го потврдува нотoрниот факт дека македонското општество е мултиетничко и мултиконфесионално и не само тоа, покажува дека е крајно време да се обрне внимание и на потребите на помалите етнички заедници и тој пристап да се рефлектира во сите сфери на општественото живеење.

Токму од тие причини не би сакал посебно да навлегувам во содржината на понудениот текст кој сигурно дека не е идеален и дека со профункционирањето на Агенцијата веројатно во натамошниот период ќе се почувствува потребата од негово надоградување. Но, она што во овој моемнт е битно, тоа е созреаното чувство за насочување на грижата кон припадниците на помалите етнички заедници и поголем сенс за нивните потреби.

Искрено се надевам дека со измените и дополнувањето на Изборниот законик и доследната примена на принципот на правична и соодветна застапеност во органите на државната власт на сите нивоа ќе се постигне неопходниот баланс во остварувањето на правата и слободите на граѓаните независно од нивната национална, верска, политичка, или било која друга припадност. Се надевам дека по изгласувањето на овој закон, по конституирањето на Агенцијата за заштита на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија, како и со измените и дополнувањата на Изборниот законик со кој на припадниците на помалите заедници ќе им се овозможи ефективно учество во законодавната власт. Владата ќе го заокружи проектот на позитивна дискриминација кон припадниците на помалите етнички заедници и со тоа Република Македонија ќе влезе во кругот на земјите во кои што се применуваат највисоките стандарди во остварувањето на човековите права и слободи.

Впрочем, и последната посета на високиот Комесар за малцински права господинот Крут Волебек на Република Македонија, писмото упатено до тогашниот претседател на Собранието на РМ господинот Љубиша Георгиевски и до политичките претставници на помалите етнички заедници, дефакто значеше поддршка на напорите на Владата во реализацијата на започнатите проекти од оваа сфера.

Лично очекував и опозицијата да го поддржи овој проект дотолку повеќе грижата за малцинските заедници е индикатор на демократичноста на една политичка опција или групација, ако сакате, меѓутоа, за жал тие денес од други причини не се присутни во салата на Собранието на Република Македонија.

Иако лично се носев со идеата да поднесам одредени амандмани на текстот на законот, што впрочем како работна верзија во пишана форма

му ја доставивме на министерот за правда господинот Михајло Маневски, на средбата која ја имаше со претставниците на помалите етнички заедници, а во врска со изготвувањето на овој Предлог закон, сепак се откажав од идеата поради фактот што во овој политички миг законот дури и во ваква форма е солиден фундамент кој ќе се надоградува откако ќе се согледаат првите ефекти од неговата практична имплементација. Впрочем самиот факт што оваа Влада имаше доблест со овој закон, а верувам наскоро и со измените и дополнувањата на изборниот законик да воведе механизми со кои ќе се обезбеди ефективно учество на немнозинските заедници во јавниот живот, всушност практично покажа дека полека се напуштаат старите стереотипи и се покажува спремност да се респектираат потребите на тие заедници и да се применат највисоките меѓународни стандарди во заштитата, негувањето и унапредувањето на малцинските права.

Токму од тие причини го поздравувам ваквиот владин пристап и ве повикувам да го поддржите овој законски проект. Благодарам господине претседателе.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓица Мехмети Ермира, повелете.

**Ермира Мехмети:** Благодарам почитуван претседател.

Уште на почетокот сакам да истакнам дека токму Охридскиот рамковен договор беше документот кој за прв пат на квалитетен начин ја отвори расправата во нашето општество, расправа за отворање на патот за функционално решавање на правата на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и сметам дека основањето на Агенцијата која ќе се занимава со тие права, ќе ги третира правата на заедниците кои се под 20% претставува чекор напред во унапредување на овој процес на акомодација и решавање на проблемите кои се во однос на правата на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Потребата од основање на оваа Агенција мислам дека докажува дека нашата држава Република Македонија сеуште има потреба, сеуште треба да прави напори и ангажмани за акомодација на потребите и барањата на немнозинските заедници и мислам дека со основањето на оваа Агенција доаѓа до израз и значењето што го има Охридскиот документ за нашето општество и нашата држава, поради фактот што ова е документот кој гарантира и обезбедува услови за култивирање на еден дух на мултиетничност во нашето општество на различности.

Сакам да кажам дека денешниот предлог на Владата, предлог за основање на оваа Агенција всушност е доказ за посветеноста на парламентарното мнозинство кон зачувувањето, култивирањето и зајакнувањето на духот на мултиетничност и диверзитет и е доказ дека овие напори кои отпочнаа со Охридскиот рамковен договор не застануваат, туку напротив, ќе бидат процес кој ќе еволуира во согласнот со потребите на нашето општество, кое е општество во развој. Читајќи го предлог текстот на законот видов дека таму се востановува корелација меѓу агенцијата и секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Јас ја поздравувам оваа идеа или ова проектно решение, истакнувајќи уште еднаш дека посветеноста на Владата, посветеноста на парламентарното мнозинство кон секретаријатот за спроведување и имплементација на Охридскиот рамковен договор треба да остане, доколку не е тоа истото, секако треба да се унапреди уште повеќе и кога говориме за прашањето за правична и соодветна застапеност, кое прашање зазема главен дел во Предлог законот за основање на Агенцијата, сакам тука јавно да апелирам или да барам од Владата колку што е можно побрзо, се разбира по конституирањето на Владата, да почне со подготовка на акционата програма за соодветна застапеност, која ќе обезбеди правична и соодветна застапеност на заедниците кои не се мнозинство, ќе отвори пат за една квалитетна застапеност, а не некоја едноставна или проста, најмалку да кажам партиска за стапеност, туку да кажам квалитетна застапеност на државните службеници кои доаѓаат од заедниците кои не се мнозинство. Мислам дека основањето на Агенцијата за заедниците кои се по 20% докажува дека во Владата на Република Македонија во парламентарното мнозинство и понатаму останува посветеноста која е силна и сигурна за водење напред на работите и акомодирање на потребите, барањата и правата на сите граѓани на Република Македонија преку востановувањето на посебни институционални механизми како што е основањето на оваа Агенција, која што уште еднаш сакам да истакнам својот извор, својата основа за основање ја има токму во Охридскиот рамковен договор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Мустафа Неждет, повелете.

**Неждет Мустафа:** Благодарам почитуван претседателе.

Барем денес за припадниците на заедниците помалку од 20% ќе биде многу значаен ден и ќе остане во големо сеќавање по тоа што токму оваа Влада ја потврдува својата определба во Програмата з преродба во 100 чекори во продолжение и за нас денес пртеставува голема чест и задоволство што токму Владата го следи слухот на припадниците на заедниците помалку од 20% за нивните права и за нивните можности за имплементирање на она што веќе беше истакнато во претходната дискусија од Рамковниот договор. Ова е исклучителен момент за оваа Агенција, особено во однос на ова прашање преовлада ставот дека не е доволно само да се донесат законите, туку е потребно да се следи и анализира нивната примена во секојдневниот живот, во животот на граѓаните државјани на Република Македонија кои припаѓаат на одделни етнички заедници.

Токму од тие причини, сакам да го да дам мојот придонес дека оваа Агенција ќе има силна одговорност во однос на имплементација на правичната застапеност на заедниците во извршната, законодавната и судската власт, а со тоа секако и ќе придонесеме да се имплементира мотото “Еднакви меѓу еднаквите”. Верувам дека оваа Агенција ќе ја исполни својата обврска и содржината на законот е есенцијална токму во однос на главните потреби на заедниците кои се помалку од 20%. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Васко Шутаров.

**Васко Шутаров:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани претставници на извршната власт, само некоку дополнувања на тоа што го кажа почитуваниот колега. Овој силен чекор што денес го правиме со донесувањето на овој закон значи и имплементација на една поширока европска рамка. Нема само Македонија свој рамковен договор. Во рамките на Европска унија е донесена Рамковна конвенција на Советот на Европа од 1994 година, како куриозитет ќе спомнам дека не е ратификувана само од Грција и Франција. Значи овој закон си има поддршка, добра поддршка и од Рамковната конвенција на Советот на Европа, овој закон кореспондира и со три битни препораки: едната е од хашките препораки за образование на мајчин јазик, втората се препораките од Осло за информирање на јазикот на припадниците на националните малцинства и третата за партиципација на припадниците на малцинствата во јавниот живот.

Поздравувајќи го овој силен и храбар чекор на Владата, сакам само како дополнување на почитуваниот колега да му ги дадат и овие информации. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Пепиќ Авдија, повелете.

**Авдија Пепиќ:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Би сакал сосема накратко да го изразам моето задоволство и да го поздравам Предлогот на закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија и се надевам конечно дека и Бошњаците во Република Македонија ќе почнат конкретно да ги реализираат своите права предвидени со Уставот на Република Македонија, посебно во делот на образованието на босански јазик и во делот на културата и во делот во областа на вработувањето, согласно принципите на соодветна и правична застапеност во Република Македонија. Благодарам уште еднаш.

**Трајко Вељановски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Бајрам Амди, повелете.

**Амди Бајрам:** Почитуван претседателе, почитувани претставнци од Владата, колеги пратеници,

Денешниот ден за мене е еден јак ден, свети ден, кога за нас Ромите во Република Македонија се носи еден закон во овој Шести парламентарен состав на Собранието, но до сега никој вакво размислување немаше во Република Македонија, да потегне нешто и некоја Влада да има вакво добро размислување за нас што сме припадници на заедници што имаат помалку од 20% во Република Македонија. Ова го баравме одамна, јас исто така бев претставник во овој законодавен дом, но никој не сакаше да прифати ова да се донесе, да се предложи ние да добиеме ваков закон, за да може да има Агенција и слично. со тоа оваа Влада прави многу нешто за нас во Република Македонија, формирањето на оваа Агенција за нас е чекор напред, за Македонија, за Европа и за нас припадниците на заедниците кои имаат помалу од 20%. Со тоа акам да се заблагодарам како претставник на Ромската нацоналност, ова што до сега не било ќе биде и се надевам од денес натаму кога ќе го изгласаме овој закон правата наши ќе бидат како што треба. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Само едно дополнување во вид на реплика. Не само во Република Македонија, ова е ден кога треба и нашите сосседи, особено јужниот сосед да се запраша како една млада демократија, како Македонија успева со толку малцинства да постигне една ваква динамика во развој на конвенцијата на Европа и затоа, ова е уште поголемо оправдување на нашите заложби во целиот регион да се заштитат малцинските права. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал во име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ да потенцирам одредени позиции. Би сакал да потенцирам дека и до сега во Република Македонија правата на припадниците на заедниците помали од 20%или генерално правата на припадниците на помалите етнички заедници беа на исклучително високо ниво компарирано со многу земји во Европска унија и во нашето соседство. Меѓутоа, сепак, тоа не е доволно и имаме предизвици во претходниот период на кои мора да одговараме. Еден од тие предизвици беше конкретно правата на припадниците на заедниците кои се со помало учество од 20% во вкупната популација во Република Македонија. Коренот и традицијата на таквите односи или таквото меѓусебно почитување во Република Македонија не е ни пет години, не е ни 10 години, не е ни 20 години, не е ни 60 години, коренот и традицијата на таквото меѓусебно почитување меѓу припадниците на

различни етнички заедници во Република Македонија е со традиција повеќе од век, два века, три века. Многу долго сме живееле едни покрај други, многу долго сме живееле едни со други и искуството кое го црпиме од нашите дедовци и прадедовци секогаш е позитивно за меѓусебното почитување и меѓусебниот соживот. Едноставно ова што го правиме во овој момент е надградба на меѓусебните почитувања и традицијата која ја носат нашите претходни генерации.

Затоа, сметам дека ваквиот процес носи единствено позитивни придобивки за Република Македонија поради тоа што не е процес кој што е натурен, не е процес кој што се спроведува врз база на притисок, туку е процес кој што природно се развива и ќе се развива во Република Македонија

Искрено сакам да го изразам заздоволството што со донесувањето на овој закон Република Македонија ќе биде една од ретките европски држави во кои на ова ниво ќе се заштитуваат и ќе се спроведуваат правата на помалите етнички заедници, односно правата на малцинствата и се надевам дека примерот на Република Македонија ќе биде позитивен пример и преку Советот на Европа, преку Европскиот парламент и преку другите институции како ОБСЕ, како Европска унија, ќе мможат многу држави во Европа да го користат како начин на кој што треба да се решаваат малцинските прашања. Со овој закон ќе се опфатат прават ана помалите етнички заедници во делот на образованието, во делот на културата, традицијата, ќе се однесуваат на нашите сограѓани Турци, Роми, Срби, Власи, Бошњаци ид руги во согласност со Уставот на Република Македонија.

Исто така, би сакал да потенцирам дека усогласеноста која ја нуди законот во делот на функционирање на Агенцијата, усогласена во смисла на усогласување на своите активности заедно со Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, заедно со Управата за развој и унапредување на образованието на припадниците на заедниците и заедно со Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија, ќе нуди една гаранција за немање на дисторзија во процесот на зазштита на правата на сите етнички заедници во Република Македонија.

Затоа, би сакал да соопштам дека пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе го поддржи донесувањето на овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави пратеникот Кенан Хасипи, но би сакал да напоменам и за вас и за другите пратеници за да имам претстава јас, да го користите соодветното копче за јавување за реплика и за збор.

Повелете, за реплика се јави господинот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Апсолутно е во право господинот Илија Димовски дека постои долговековна традиција на соживот на овие простори меѓу припадниците на мнозинскиот народ и малцинските заедници, меѓутоа, непобитен е фактот дека во Република Македонија не постоеше специјализирано владино тело кое би било надлежно да ја следи динамиката на реализација на правата на заедниците што не се во мнозинство во Република Македонија согласно Уставот и законите во Република Македонија. Токму од тие причини еден ваков законски проект ја има својата тежина, инаку, јас сум длабоко уверен дека таа традиција на соживот, долговековна традиција, ќе продолжи и во иднина независно дали и како ќе функционира агенцијата за правата на малцинските заедници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓа Кипаризовска Крстевска Анита.

**Анита Кипаризовска Крстевска:** Благодарам претседателе.
На почетокот на моето кратко излагање би сакала исто и јас да се заблагодарам во мое лично име и во име на влашката етничка заедница и при тоа го поздравувам донесувањето на законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението на Република Македонија. Притоа сметам дека ова е добар начин со ваквата агенција да се овозможи следење на примената на одделните закони со кои се утврдуваат правата на припадниците на заедниците кои се под 20% во Република Македонија.

Ставот на Владата е јасен уште во изминатиот период и мислењето и почитта, како што кажаа и претходните дискутанти, и меѓусебното разбирање, меѓутоа, добро е што оваа Влада за прв пат уште со Законот за празници во изминатиот период докажа дека има слух на законски начин, озаконето преку Законот за празници да признае одредени празници и за прв пат се слават само за припадниците на влашката етничка заедница, српската или некои други етнички заедници кои се под 20% во Република Македонија.

Таквото меѓусебно разбирање беше исто така продолжено со поднесувањето на Предлог измените во Изборниот законик каде беа предлагани посебни места за припадниците на етничките заедници кои се под 20% во Република Македонија, а исто така не би ги изоставила овде и во овој момент бројните разговори помеѓу претставниците на Владата, особено би се заблагодарила на министерот за правда господинот Михајло Маневски кој ги консултираше, пред изготвувањето на ваквиот закон за формирање на Агенција, претставниците на помалите етнички заедници.

Добро е што во изминатиот период имавме голема подршка од страна на ОБСЕ господинот

Кнут Волебе кој беше на последната средба кој искажа голема подршка за претставниците на помалите етнички заедници односно на оние кои се под 20% што е секако придонес и подршка за донесување на вакви закони.

Не би сакала да ја оддолговлекувам денешната расправа само уште еднаш го поздравувам ваквиот чекор и донесувањето на ваков закон со кој ќе се унапредат, се надевам и заштитат правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% во Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Иван Стоиљковиќ, повелете.

**Иван Стоиљковиќ:** Благодарам господине претседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници,

Кога ја почнавме оваа процедура за унапредување на правата и положбата на припадниците на помалите етнички заедници во Република Македонија со господинот Кенан Хасипи и со другите етнички заедници тргнавме со мошне јасна идеа.

Процесот на операционализација на Рамковниот договор кој предизвика одредени промени во Уставот на Република Македонија посебно ја потенцираше положбата на припадниците на помалите етнички заедници затоа што припадниците на помалите етнички заедници веќе не беа малцински групации во Република Македонија, туку станаа конститутивни делови на Република Македонија. Значи, припадниците на малите етнички заедници кои ги карактеризираме како помали етнички заедници не се помали етнички заедници, туку тие, согласно Уставот на Република Македонија се конститутивен дел од македонската држава. Ако од тука почнема да ги влечеме потребите на припадниците на помалите етнички заедници, сосема нормално ќе дојдеме до потребата да се изготви еден закон за подобрување на тие права од аспект што уставнит епромени согласно Рамковниот договор им дадоа една нова уставна положба, а од друга страна таа уставна положба не беше надополнувана со одредени законски решенија.

Ова е еден од првите закони кои таа нова уставна положба на припадниците на етничките заедници во Република Македонија ја валоризира на одреден начин. Така што од тој аспект овој закон доаѓа како след на промените во Уставот на Република Македонија кој на припадниците на заедниците во Република Македонија им дадоа една нова положба.

Од тој аспект кога зборуваме за овој закон, зборуваме и за формирање на Агенција, а кога зборуваме за формирање на Агенција зборуваме за потребата таа Агенција да се вклучи во работата на владиното тело кое е задолжено за соодветна и правична застапеност и тука во еден член се вели дека Агенцијата ќе ја координира односно ќе ја усогласува својата работа со работата на Координативното телот на Владата за спроведување на Рамковниот договор.

Од тој аспект за прв пат припадниците на помалите етнички заедници ќе имаат директно влијание во делот за спроведување на Рамковниот договор кој се однесува на соодветна и правична застапеност во делот кој се однесува за нивната соодветна и правична застапеност.

Во законот покрај тоа е предвиден и соодветен фонд со кој припадниците на помалите етнички заедници ќе можат директно да ги користат надлежностите кои државата им ги овозможува за негување и унапредување на својата положба во Република Македонија.

Од тој аспект можеби законот не одел до крај во ширина да ги предвиди сите можни решенија кои би оделе во насока на подобрување на положбата на припадниците на етничките заедници, меѓутоа, овој закон можеби е преголем збор е "пионерски" и како на таков воопшто не треба да му се ставаат одредени забелешки и неговата пионерска улога се огледа во тоа што сите претставници на Меѓународната заедница во Република Македонија и сите претставници на Меѓународната заедница кои доаѓаа на разговори со нас во Република Македонија исклучително позитивно гледаа на носење на ваквото решение и носењето на ваквото решение исклучително позитивно ќе се одрази вез меѓународната положба на Република Македонија и во извештаите од Европската комисија кои ќе ги добиваме во наредниот период ова прашање ќе биде третирано на еден сосема позитивен начин.

Со ова законско решение е отворен еден процес со кој конечно ќе се заокружат правата на припадниците на помалите етнички заедници во чиј склоп во наредниот период ќе дојдат и промени на изборното законодавство со кое се надеваме дека ќе се одржи зборот да се издејствуваат гарантирани места за припадниците на помалите етнички заедници.

Многу ми е жал што носењето на овој закон паѓа во "сенка" на еден друг настан, многу ми е жал што дел од опозицијата односно целата опозиција не присуствува кога станува збор за носење на едни вакви законски решенија од аспект што припадниците на помалите етнички заедници во било која држава во светот секогаш биле мерило или меритум за однесувањето односно вкупната подготовка на државата во однос на сето она што се нарекува развој на демократија и меѓучовечки односи и изградба на мултиетничко општество.

Од тој аспект нависитна морам да потенцирам дека навистина ми е жал, меѓутоа, тој дел или тој недостаток кога станува збор за носењето на овој закон ќе се компензира со тоа што законот ќе биде донесен едногласно со оглед на гласњето што следи по овие дискусии. Ви благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јован Лазаров, повелете.

**Јован Лазаров:** Благодарам претседателе,

Ќе се обидам во рамките на времето кое преостанува до 14,00 часот да ја завршам својата дискусија.

Еве и ние пратениците од Социјалистичката партија го поздравуваме донесувањето на овој закон и со донесувањето на овој закон всушност ние докажуваме дека Република Македонија не е двонационална држава, туку е држава на сите граѓани кои живеат во Република Македонија.

Се разбира формирањето на Агенцијата, што е од посебно значење, и формирањето на посебен фонд со кој ќе се остваруваат правата на граѓаните кои се помалку од 20% во Република Македонија е исто така многу значајно.

Уште еден значаен момент кој би сакал да го истакнам е членот 5 кој дефинира дека во сферата на образованието сите граѓани во Република Македонија имаат право на образование во сите степени на образование согласно овој закон.

Уште еднаш го поздравуваме донесувањето на овој закон и ќе гласаме за истиот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласа 63 пратеника, сите 63 гласа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеника, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 19 пратеника, сите 19 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема).

Кој е против? (Никој)

На седницата присуствуваат 19 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија од нив за Предлогот на законот гласаа сите 19, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Аднан Јашари, но во меѓувреме сакам да кажам дека времето е истечено, со оглед на Деловникот од 14,00 до 15,00 часот имаме пауза за ручек.

Давам пауза до 15,00 часот.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот. Благодарам.

(Паузата е дадена во 14,01 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,19 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

За збор се јави господин Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата, почитувани министри.

Со самиот факт дека се јавив за збор за да дебатирам и да ги кажам новините кои ни се нудат со овој Предлог закон, би сакал да нагласам дека се говори за неколку предлози кои според мое мислење се значајни предлози посебно кога се има предвид фактот дека се говори за закон кој верувам дека би рекол дека се работи за закон кој е столб на правниот систем. Ова го велам кога го имаме предвид фактот дека сопственоста и другите правни права кои ги рачунаме како стварни права се столб на економскиот развој и во оваа насока и на правниот систем. Што во суштина ни нуди предлагачот преку овие измени и дополнувања односно преку овој Закон за измени и дополнувања на Законот за сопственост и други стварни права. Повеќе од вистина е тоа дека во Република Македонија со измените кои се направија пред две години со Законот за сопственост и други стравни права се создаде

простор и други лица, нерезиденти, односно физички лица кои не се државјани на Република Македонија, но и правни лица кои немаат седиште на територијата на Република Македонија да бидат сопственици на недвижности во Македонија, но од аспект на нивен третман во однос со субјектите или физичките лица и државјани на Република Македонија или резиденти во Македонија и правните лица кои имаат седиште на територијата на Република Македонија биле третирани од диференцијален аспект односно имале право да станат сопственици но во одредени услови како што е на пример реципроцитетот. Во оваа насока имајќи го предвид фактот дека се измени статусот на Република Македонија во насока на нашата интеграција во Европската унија предлгачот нуди неколку измени преку кои сака и добро е што ги нуди овие измени да се измени овој статус, или да се измени овој третман од диференцијален карактер со еден третман кој го нарекуваме национален или рамноправен третман на сите државјани кои се државјани на Европската унија со државјаните на Република Македонија. И во оваа насока треба да нагласам дека овие права или овој национален третман на овие субјекти, на овие државјани се изедначува со држајаните на Република Македонија не само од аспект на стекнување на сопственички права туку и други стварни права или права кои ги нарекуваме не како ЈУС. Затоа уште еднаш ќе нагласам или дека се говори за неколку измени кои за прв пат ќе бидат составен дел на правниот систем на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван господине претседателе.

Дозволете ми во неколку минути да му посветиме внимание на овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права бидејќи навистина сметаме дека го заслужува нашето внимание заради новините кои што ги носи и заради храбриот потег во правец на имплементација на европското право во нашата земја.

Европската комисија не оценува во поглавјето 4 во делот на слободно движење на капиталот и овие одредници што денес ги носиме како измени и дополнување се однесуваат токму на ова поглавје 4.

Јас го поздравувам либералниот пристап подготвен од Министерството за правда. Пред малку зборував и со почитуваниот господин министер Маневски и сакам заради тоа што имав време да ги простудирам споредбените нормативи на скоро сите земји од Европската унија сакам да посочам на некои нешта кои што во пракса би требало да бидат одредени дали со подзаконски акти или правилници.

Сојузна Република Германија важи за пионер во либерализација во овој дел, потполно ги изендачуваат странските и домашните правни и физички лица. Меѓутоа и во таа земја, во покраината Берлин постои одредница според која што одредени правни лица дозвола може да добијат само од покраинските органи. Исто се случува со Република Австија која што е многу либерална на тој план. Во Италија, во Унгарија, каде што државниот управен орган дава дозвола, но ако не е во спротивност со интересите со локалната самоуправа. Одредени земји од туристички причини го штитат или ја ограничуваат либерализацијата на овој план, во Австрија, Швајцарија и Малта освен ограничувањето дека странците треба да имаат престој најмалку од пет години ограничуваат и со уште една друга ставка, неможат да имаат повеќе од една недвижнина. Значи, дали од безбедносни, дали од национално битни или од економски одредени земји вршат одредени ограничување на ова либерално третирање на овие одредби.

Ако се земе предвид дека доаѓам од еден крај од општина Гевгелија која е многу интересна, најкурентно е земјиштето во општина Гевгелија, посебно градежното земјиште и интересот на странците за вложување и купување на тоа земјиште, сепак сметам дека не е на одмет дека верувам и министерот тоа го знае, дека Република Грција има прилично број исклучувања од овој либерален аспект кој што денес го третираме. Наиме во Република Грција, а тоа се случува и во Република Италија од оваа постапка се иземени пограничните места и островите.

Со оваа мала забелешка, сакам уште еднаш да го поздравам донесувањето на овие измени и дополнување на Законот за сопственот и стварни права. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање ги повикувам службите да го утврдат точниот број на пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратениците во салата)

Во салата се присутни 58 пратеника.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да може Собранието полноважно да одлучува.

Во салата се присутни 62 пратеника, Собранието може полноважно да се одлучува.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, воздржни нема , против нема.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Нема.)

Дали има некој воздржан? (Нема.)

Кој е против? (Нема.)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за сопственост и други стварни права.

Пред да преминеме на 5 точка со оглед на тоа дека службите ме информираа дека има амандмани и за 5-тата и 6-тата точка, ја прекинувам седницата.

Мислам дека се доволни 15 минути, продолжуваме во 15,45 часот. Благодарам.

(Пауза од 15,32 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,50 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 5- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека, согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство на гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Виолета Ташева, Анета Стефановска, Живко Пејковски, Цветко Грозданов и Катерина Димеска поднесоа амандмани за менување на член 4, на член 70-а став 8 и за додавање нов член 4-а по членот 4 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4 поднесен од пратениците Виолета Ташева, Анета Стефановска, Живко Пејковски, Цветко Грозданов и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Јанкуловски Живко, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а по членот 4 поднесен од пратениците Виолета Ташева, Анета Стефановска, Живко Пејковски, Цветко Грозданов и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Јанкуловски Живко вице премиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Овој амандман може да го прифатиме, доколку се согласи предлагачот да се префомулира и да стои "Начинот на организирање и спроведување на проверување на постигањето на успехот на учениците од ставовите 2 и 3 на овој член, како и и начинот на утврдување на завршните оценки на ученикот го пропишува министерот најдоцна до 31 декември".

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Молам госпоѓа Ташева Виолета да се признесе по предлогот од страна на господин Јанкуловски Живко за перфомулирање на амандманот, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам претседателе.

Се согласуваме.

**Трајко Вељаноски:** Со оглед на тоа што се согласува предлагачот со фомулирање на амандманот, констатирам дека е прифатен амандамнот, согласно преформулацијата што беше искажано и амандманот е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 70-а став 8 поднесен од пратениците Виолета Ташева, Анета Стефановска, Живко Пејковски, Цветко Грозданов и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Јанкуловски Живко, вице премиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по тексот на Предлогот на Законот.

Молам кој бара збор.

За збор се јави господин Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Анализирајќи го предложениот закон за средно образование во Република Македонија и забележувајќи неколку поместувања во оваа насока во однос на подобрување на актуелната состојба што ни е сега во образовниот систем во Република Македонија, во посебен контекст посветено на средното образование. Еве, деценија и пол и повеќе се говори, се расправа, се анализираат и се даваат многу совети во насока на стандардизацијата на средното образование врз основа на начелата и легислативата на Европската унија, што значи дека овој закон или овие изменувања на актуелниот Закон оди во насока на подобрување и унапредување на еден воспитно-образовен процес во Република Македонија.

Пред се, добро знаеме дека образованието е конгломерат во насока на воспитно образовниот процес. Овој конгломерат, нормално, во себе

опфаќа појави и разни својства што имаат позитивни но и негативни, се разбира. Во оваа насока се оди на подобрување на само еден сегмент за еден воспитно образовен процес во Република Македонија без да се анализираат некогаш и други сегменти, со кои потешкотии се соочуваме како граѓани на Република Македонија, се соочува нашата младина од средните училишта, се соочуваат и родителите на овие деца. Најголемото соочување го имаат наставниците во овие институции односно во средните училишта во Република Македонија. Велам, за жал во текот на овој период од политичкиот плурализам во Република Македонија до денешни денови нашите ученици и образованието во целост во Република Македонија е средство или објект на експерименти со што и ден денеска не успеавме да излеземa на крај со оваа работа и мислам дека актуеланта Влада ќе ги има предвид сите појави со кои се соочуваат и го засега средното образование во Република Македонија ќе изнајдеме сили и верувам дека ќе изнајде заеднички сили за да се надминат овие разни појави кои навистина можеби на посреден или непосреден начин го отежнуваат воспитно образовниот процес во средните училишта во Република Македонија.

Една од појавите или од клучните елементи, знаеме дека се говореше од 2006 до денес, да се оди или да не се оди со матурскиот испит или нареченото екстензивното оценување или надворешното екстерно оценување. Потоа се прекина, имаше немири кај учениците и навистина имаше и пошироки импликации во општеството на нашата младост. Но , за да се дојде до успех и предвидувајќи го тој успех и другата страна и негативните насоки, да речам и на успехот влијаат и неколку други компоненти.

Во Република Македонија добро знаеме дека постојат средни рурални училишта, средни урбани училишта или градски средни училишта каде до денес оценувањето на учениците во воспитно образовниот процес или внатрешното оценување од наставниците и од професорите наиде на тенденции или разни појави каде што последиците ги имаат самите ученици во средните училишта односно по завршувањето на средното училиште со разни кутови не можат да се регистрираат во факултетите односно во пост универзитетски студии. Имаме училишта каде што бројот на учениците во средните училишта во оделенијата не ни 25 тој број. Имаме ученици во нашите средни училишта или во класови каде што бројот е 40 ученици. Се поставува прашањето како може да се одржува наставниот процес, имајќи ја во предвид законската обврска секој ученик треба да се образува и да биде образуван и треба да има завршено средно образование.

Се поставува и следното прашање. Во какви средини или во какви училници нашите ученици работат и се образуваат. Во цела Република Македонија, без да бидам пристрасен или да нагласам некое училиште или некое подрачје или град или село, навистина имаме една голема дискрепанца, извонредно голема разлика. Околу социјалноит состав на нашите ученици, знаеме дека економската и социјалната состојба во Република Македонија е на едно големо рамниште и посебно категоријата на родители на учениците е во пораст. Значи имаме голема сиромаштија во оваа насока, голема невработеност, еден голем голем дел од нив имаат социјлна помош и сето ова ни најавува дека Владата на Република Македонија, Министерство за образование треба да ги има предвид овие нешта. Значи на овие ученици од средните училишта да им се овозможат услови во тие училишта, во разни училишни центри во урбаните места да се постигне минимумот за да имаат исти услови за да се одржи наставниот процес и да ја извршат својата обврска како ученици во средните училишта. Имаме училишта каде е и ден денеска наставникот или педагогот освен кредата нема никакво друго помошно средство. Да не говорам за аудиовизуелни средства каде во разни урбани центри се развива со голем чекор, а во некои други училишта навистина разликата е како да сме веднаш по 1945 година. И кога ќе ги изнесеме на исто рамниште успехот на овие ученици кои имат аудиовизуелни средства кои можат да се користат во текот на воспитнообразовниот процес и тие ученици кои ги немаат тие услови се поставува прашањето, како може да се одржи државниот испит, какви резултати ќе има ученикот, најнапред каков резултат ќе има и наставникот. Тогаш врз основа на Законот и членот 70-а се предвидуваат и санкции нормално и награди за наставниците до 15% пораст на платата, но и санкционирање на тие професори односно наставници со минус 10%. Ако вака се повтори три години нормално ќе ги изгуби работното место и по 25-30 години работна. Мислам дека овие се компоненти кои влијаат најмногу, но треба да има и друга компонента во однос на категоријата на наставници. Имаме наставници кои 25 години без никакво влијание на стручна обука, но ако имале стручна обука без да потценувам некои наставници и јас припаѓам на таа категорија на наставници, сум го работел тоа, многу тешко ќе ги апсорбира тие новини за развојот на интерактивна настава или за употреба на аудиовизуелни средства и разни помошни средства. Мислам дека во иднина треба да се имаат предвид овие работи, бидејќи со овој закон не е уредено ова прашање, но тие наставници кои навистина имаат над 25 години работно искуство да не бидат непосредно под надбљудување на законот и овие разни контроли кои се вршат врз основа на дадениот испит, положениот испит, испитот на зрелост или навистина треба да им се помогне на оваа категорија наставници, спомнувајќи и други категории, социоекономската состојба на учениците, средината каде се одвива наставата и сите овие елементи мислам дека влијаат во една извонредно голема мерка. Во Република

Македонија сите знаеме како функционира образовниот систем во средните училишта.

Овие се моите забелешки кои се во општа насока во однос на овој закон, но повторно ќе кажам од некаде да почнеме и мислам дека е позитивен исчекор и добар чекор. Значи, се почнува на еден начин навистина да имаме што подобри резултати во ова рамниште. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе. Јас поради тоа што доаѓам од таа бранша, од браншата на образованието, би сакал да го изразам моето задоволство за донесувањето на еден ваков закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование во кое што можам слободно да кажам дека како никогаш досега Владата на Република Македонија, Владата на ВМРО ДПМНЕ, господинот Никола Груевски оделуваат средства за развојот на училиштата и на образованието. Ќе напомнам дека само до пред две години од Буџетот на Република Македонија, поточно од ЏДП се одвојуваше 2,7 да денеска стигнеме со бројка со некаде околу 5,2 што е една бројка што може да се пофалиме дека од земјите кои што се кадидираат за влез во Европската унија можеби сме подобри од нив. И оние земји кои што се во Европската унија имаат нешто како нашата стапка или нашиот процент на одвојување на средства од ЏДП.

Ќе направам дека она што би сакал да го искажам со овој Предлог на закон, измени и дополнувања на законот, целите кои што сакаат да се постигнат се објективното оценување согласно нивните стекнати знаења и вештини. Значи, оценувањето на учениците во средното образование. Но, исто она што и професорите го очекуваа веќе подолго време, а тоа беше вреднувањето на самите професори и земањето на одредени бенифиции или вреднувањето на нивниот вложен труд, со тоа што овј закон овозможува да оние професори кои што се со текот на времето, поточно го следат она што се динамиката на науката и допринесуваат за нејзино имплеметирање во наставните програми и наставниот процес ќе напомнам дека нивниот труд ќе може да биде валоризиран и да можат да добијат зголемување на нивните лични приходи. Со тоа ќе се мотивираат и самите предметни професори да повеќе работат, да повеќе придонесуваат и да повеќе им пренесат од нивното знаење на учениците кои што се во средното образование. Но, исто така ќе напомнам дека и оние професори кои што сметам дека ги нема или се во многу мал број кои што се голем стаж на искуство дека треба лесно и ноншалантно да го дочекаат деновите до пензија, дека ќе треба малку повеќе да поработат и малку повеќе да вложат труд за да можат знаењето кое што го имаат да го трансформираат и да го пренесат на учениците. Сметам дека овој закон заслужува целосна подршка. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потесетувам дека, согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство на гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да го ставам предлогот на гласање ги молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Во салата се присутни 63 пратеника и може полноважно да се одлучува.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, сите 64 пратеника гласаа за, нема воздржано, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 64 пратеника, од нив сите 64 гласаа за, нема воздржано, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се признесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 16 пратеника, сите 16 гласаа за, нема воздржано, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот?(никој)

Дали има воздржан?(нема)

Кој е против?(никој)

На седницата присуствуваа 16 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 16, воздржани нема, против нема.

Констатирам Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

**Минуваме на точка 6 - Предлог на закон за основното образование.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Наташа Јаневска, Горан Ѓуровски, Цена Матевска и Оливера Трајановска поднесоа амандман на член 69 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Наташа Јаневска поднесе амандман на член 47 ставови 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Дарко Петрушевски поднесе амандман на член 78 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Васко Шутаров поднесе амандман на членовите 78 и 80, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 1, поднесен од пратеникот Наташа Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, 2 пратеника гласаа за, 3 воздржани, против 53 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 58 пратеници, 2 гласаа за, 3 воздржани, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 47 став 1, поднесен од пратеникот Наташа Јаневска.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 2, поднесен од пратеникот Наташа Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, 2 пратеника гласаа за, 3 воздржани, против 54 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По амандманот вкупно гласаа 59 пратеници, 2 гласаа за, 3 воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 47 став 2, поднесен од пратениците Наташа Јаневска.

Отворам претрес по амандманот на член 69 став 1, поднесен од пратениците Наташа Јаневска, Горан Ѓуровски, Цена Матевска и Оливера Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Ваквата формулација не можеме да ја прифатиме, а предлагаме, доколку се согласат, место зборот “трето”, заклучно со “петто”, да стои, ако предлагачите прифаќаат.

**Трајко Вељаноски:** Од име на предлагачите се јави госпоѓа Наташа Јаневска, повелете.

**Наташа Јаневска:** Предлагачите го прифаќаат предлогот на Владата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа што од страна на предлагачите е прифатен видоизменетиот амандман, констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на Предлогот на законот, така како што е видоизменет од страна на претставникот на Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 78 став 1, поднесен од пратеникот Дарко Петрушевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членовите 78 и 80, поднесен од пратеникот Васко Шутаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Има збор господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодрам претседателе.

Мојот амандман се однесуваше на членовите 78 и 80 каде предлагав зборот “дефектолог” да се замени со зборовите “едукациски рехабилитатор”, што е пракса во западноевропското законодавство од областа на образованието.

Мене ми е мило што во Министерството за образование веќе се дебатира на оваа тема и дека проблемот ќе треба да се реши на едно подруго ниво, на ниво на звања од високото образование. Од тие причини го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека господинот Васко Шутаров го повлече амандманот на членовите 78 и 80.

Во меѓувреме пратениците Виолета Ташева, Анета Стефановска, Живко Пејковски, Цветко Грозданов и Катерина Димеска, поднесоа амандмани за бришење на член 75 и на член 177 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Котевски поднесе амандман на член 126 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 75, поднесен од пратениците Виолета Ташева, Анета Стефановска, Живко Пејковски, Цветко Грозданов и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Со оглед на тоа што оваа материја е опфатена со членот 55, можеме да го прифатиме амандманот.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 126 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Никола Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 177 став 1, поднесен од пратениците Виолета Ташева, Анета Стефановска, Живко Пејковски, Цветко Грозданов и Катерина Димеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Живко Јанкуловски, вицепремиер, повелете.

**Живко Јанкуловски:** Амандманот може да го прифатиме доколку предлагачите прифатат преформулација и истата да гласи “како и прописот од член 71 од овој закон кој министерот ќе го донесе до 31 декември 2008 година”.

**Трајко Вељаноски:** Од име на предлагачите се јавува госпоѓа Виолета Ташева, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам претседателе.

Го прифаќаме менувањето на амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот е прифатен така како што е видоизменет од претставникот на Владата и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 15 пратеника, сите 15 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратениците во Собранието на Република Македонија кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

На седницата присуствуваат 15 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 15 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основното образование.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Да ве известам дека за утре е закажана Дванаесетта седница на Собранието на Република Македонија со почеток во 13,30 часот. Благодарам.

(Седницата заврши во 16,22 часот)